СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 17 декември 1999 Скопје
Број 80 Год. LV

Претплатата за 1999 година изнесува 7.500 денари. Овој број чини 150 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

1927.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ПРОТИВ ОГРАНИЧУВАЊАТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Се прогласува Законот против ограничувањата на конкуренцијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 декември 1999 година.

Број 07-4575/1
14 декември 1999 година
Скопје

За претседател
на Република Македонија,
Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

ЗАКОН
ПРОТИВ ОГРАНИЧУВАЊАТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Дел први

ОГРАНИЧУВАЊА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Глава прва

МОНОПОЛСКИ ДОГОВОРИ И МОНОПОЛСКИ ОДЛУКИ

Член 1

Ништовни договори и одлуки

(1) Договорите склучени меѓу претпријатија или групи на претпријатија за остварување на некоја заедничка цел и одлуките донесени од страна на групи на претпријатија ќе бидат ништовни и нема да произведуваат правно дејство ако таквите договори или одлуки преку ограничувањето на конкуренцијата веројатно ќе влијаат врз производните или пазарните услови поврзани со тргувањето со одредени производи или трговски услуги. Одредбата од овој став нема да се применува на оние случаи за кои со овој закон е поинаку определено.

(2) Одлуката донесена од страна на собранието на содружниците на правното лице ќе се смета за одлука донесена од страна на група на претпријатија, ако како содружници во правното лице се јавуваат други претпријатија.

(3) Под претпријатија во смисла на овој закон ќе се смета секој вид на деловен потфат без оглед на тоа како е организиран и од кого е воден (трговец, трговец поединец, трговско друштво, задруга, јавно претпријатие, здружение), слободните професии (адвокати, лекари, архитекти, сметководители, нотари), како и секое физичко или правно лице или јавна власт што се ангажирани во водењето на некоја економска активност, без оглед на тоа дали се сметаат за трговци или не (во натамошниот текст: претпријатие).

Член 2

Еднообразна примена на општите деловни услови, известување

(1) Одредбите од член 1 на овој закон нема да се применуваат на договорите и одлуките што се однесуваат на еднообразната примена на општите деловни услови или со кои се утврдуваат еднообразни услови во врска со испораката на производите или начинот на кој се вршат плаќањата, вклучувајќи ги и дисконтите. За да може да се примени одредбата од овој став, ваквите договори или одлуки не смеат да се однесуваат на цените, ниту пак на одделните елементи што ги формираат цените.

(2) При доставувањето на известувањето, согласно со одредбите на член 12 став (2) од овој закон, мора да бидат приложени и докази дека на снабдувачите и на купувачите што се засегнати со договорот или одлуката наведени во став (1) на овој член им била дадена можност да го изнесат својот став и мислење по тие договори или одлуки. Нивните ставови и мислења ќе бидат приложени кон известувањето.

(3) Договорите и одлуките наведени во став (1) на овој член ќе произведуваат правно дејство само ако монополската управа, во рок од три месеци од приемот на известувањето, не изјави приговор во врска со тие договори или одлуки. Монополската управа може да изјави приговор само ако утврди дека се исполнети условите наведени во член 15 став (1) на овој закон.

Член 3

Рабатни монополи

(1) Одредбите од член 1 на овој закон нема да се применуваат на договорите и одлуките во врска со рабатите што се даваат при продажбата или стекнувањето на производите, под услов ваквите рабати да претставуваат вистинска награда (изворна компензација) за дадените услуги и да не водат кон неоправдано различно третирање на различните фази во економскиот процес, односно на различните нивоа на пазарот или кон неоправдано различно третирање на купувачите од иста фаза или пазарно ниво, коишто на своите добавувачи при купувањето на производите им ги даваат истите услуги.

(2) При доставувањето на известувањето, согласно со одредбите на член 12, став (2) од овој закон, мора да бидат приложени и докази дека се исполнети условите наведени во став (1) на овој член и дека на претставниците на фазите во економскиот процес, односно на претставниците на пазарните нивоа на кои ќе се применуваат аранжманите во врска со рабатот им била дадена можност да ги изразат своите ставови и мислења во врска со тоа. Нивните ставови и мислења ќе бидат приложени кон известувањето.